РАМКОВЕН ДОГОВОР

ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ РЕЗЕРВНА МОЌНОСТ И ИСПОРАКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

помеѓу

АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје со регистрирано седиште на ул. 11 Октомври бр. 9-Центар, Центар, со скратено име АД ЕСМ-Скопје, со ЕДБ: 4030005560757, Претставувано од генералниот директор Лазо Узунчев, во понатамошниот текст **Корисник на услуга**,

и

_______________________________, со седиште на ул._______________________________, со ЕДБ: (_____________________), Претставувано од управител _______________________________________, во понатамошниот текст **Давател на услуга**.

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

(1) Со овој Договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на Договорните страни при обезбедување Резервна моќност, активирање на резервната моќност, испорака и привземање на електричната енергија од активираната резервна моќност, вклучувајќи ги условите за секоја поединечна активација на Резервната моќност кои ќе бидат специфицирани во Индивидуален договор обезбедување Резервна моќност и испорака на електрична енергија, во понатамошниот текст (Индивидуален договор).

## ЦЕЛ И СТРУКТУРА НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

(1) Обезбедена Услуга: Договорните страни од овој Договор може, но не се обврзани, да влезат во користење на услугата, активирање на обезбедената Резервна моќност и испорака на количини на електрична енергија. Секоја активација на Резервната моќност ќе се изврши во согласност со овој Договор и ќе се допрецизира во Индивидуален договор.

## ИНДИВИДУАЛЕН ДОГОВОР

**Член 3**

(1) Индивидуалниот договор за обезбедување на Резервна моќност и испорака на електрична енергија содржи:

- информации за Договорната страна - Корисник на услуга:
    - одговорните лица за контакт,
    - одговорни лица за активација на Резервната моќност;

- информации за Договорната страна – Давател на услуга
    - одговорните лица за контакт
    - одговорни лица потврување на активација на Резервна моќност и испорака на електричната енергија

- Карактеристика на Резервната моќност:
    - Резервна моќност, изразена во MW
    - Број на активации
    - Времетраење на испорака;
    - надомест за услуга (Service Fee) изразена во Евра за MWh, без вклучен ДДВ
    - место на испорака;
    - EIC код на Давател на услуга на електрична енергија;

- EIC код на Корисник на услуга на електрична енергија;
- фактурирање и услови на плаќање;
- останати услови кои не се наведени во овој Договор;

**ОСНОВНИ ОБВРСКИ**

**Член 4**

**Обврски на Давателот на услуга**:

(1) Давателот на услуга се обврзува дека ќе обезбеди Резервна моќност, ќе ја активира Резервната моќност на барање на Корисникот на услуга, ќе испорача во место на испорака и продаде електрична енергија во временски период, количини и времетраење дефинирани со условите на овој Договор и согласно Индивидуалениот договор и Прваилата за Резервна моќност и испорака на електрична енергија, освен во Случај на Виша Сила.

(2) Давателот на услуга кој обезбедува Резервна моќност за потребите на Корисникот на услуга ја гарантира активацијата на Резервната моќност и испораката на електрична енергија согласно овој Договор и Индивидуалениот договор и Прваилата за Резервна моќност и испорака на електрична енергија, освен во Случај на Виша Сила.

(3) Давателот на услуга ги сноси сите ризици и ќе биде одговорен за сите трошоци или давачки наметнати или поврзани со обезбедување Резервна моќност, пренос и испорака на договорната количина на електричната енергија од Индивидуалниот договор до и во точката за испорака.

**Обврски на Корисникот на услуга**:

(4) Корисникот на услуга, во зависност од своите потреби, има право да ја активира Резервната моќност во обем и број согласно карактеристиките на Рамковниот договор и Индивидуалниот договор.

(5) Корисникот на услуга се обврзува, при активација на Резервната моќност да ја купи и да ја превземе, договорената количина електрична енергија во точката на испорака во временски период, количини и времетраење дефинирани со условите на овој Договор и согласно Индивидуален договор, освен во Случај на Виша Сила,

(6) Корисникот на услуга, при активација на Резервната моќност го гарантира превземањето на електрична енергија согласно овој Договор и Индивидуалениот договор, освен во Случај на Виша Сила и ќе му плати на Давателот на услуга за испорачаната количина на електрична енергија по Договорената цена согласно Индивидуалниот договор и Рамковниот договор.

(7) Корисникот на услуга ги сноси сите ризици и ќе биде одговорен за сите трошоци или давачки наметнати или поврзани со прифаќање и пренесување на договорените количини од точката за испорака.

## АКТИВИРАЊЕ НА РЕЗЕРВНА МОЌНОСТ И ИСПОРАКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

### Член 5

(1) Во зависност од потребите на Корисникот на услуга, Корисникот на услуга ќе ја активира Резервната моќност и ќе достави Барање за активирање на Резервна моќност и испорака на електрична енергија (БАРМИЕЕ) до Давателот на услуга со кој има склучено Индивидуален договор за обезбедување Резервна моќност за предметниот период.

(2) Корисникот на услуга има право да ја активира Резервна моќност со времетраење на поединечна испорака на електрична енргија од активираната Резервна моќност помеѓу временските интервали наведени во Индивидуалниот договор.

(3) Одговорно лице за активирање Резервната моќност и испорака на електрична енергија за Корисникот на услуга е диспечерот на должност.

(4) Активирањето на резервната моќност започнува со телефонско јавување од диспечерот на должност во диспечерскиот центар на АД ЕСМ-Скопје до дежурното лице овластено од Давателот на услуга со следните информации:

- големината на активирана резревна моќност (MW),
- време на активирање на резервната моќност,
- времетраење на испораката
- време на отпочнување на испораката на електрична енергија
- време на завршување на испорака на електрична енергија

(5) Дежурното лице овластеното од Давателот на услуга, согласно можностите, ја активира баранта Резервна, но не помалку од 50% од големината на договорената Резервна моќност наведена во Индивидуалниот договор, ја потврдува активацијата на Резервна моќност.

(6) Испораката на електричната енергија од Давателот на услуга до Корисникот на услуга мора да започне во рок не покасно од три (3) часа од моментот на активирање на резервната моќност (часот кога е активирана резервната моќност ЧЧ + 3 часа).

(7) Во БАРЗИЕЕ е наведена големината наактивираната Резервна моќнос (MW), време на активирање на резрвната моќност, време на отпочнување на испораката на електрична енергија и време на завршување на испораката, изразено во часови.

(8) По активирањето на Резервната моќност (телефонско јавување), диспечерот на должност во диспечерскиот центар на АД ЕСМ-Скопје го пополнува и потпишува БАРМИЕЕ и истото го испраќа до Давателот на услуга по електронска пошта. Диспечерот на должност испарќа и Трговски Часовен Распоред (TPS Trade Party Schedule) до Систем операторот за договорената испорака на електрична енрегија од активираната Резервна моќност.

(9) Давателот на услуга е должен по приемот на БАРМИЕЕ, истиот да ги потпише и да го испрати до Корисникот на услуга по електронска пошта со што ја **потврдува** испораката. Давателот на услуга испарќа и Трговски Часовен Распоред (TPS Trade Party Schedule) до Систем операторот за потврдената испорака на електрична енрегија од активираната Резервна моќност.

(10)Обострано потпишаниот БАРМИЕЕ е основа за подготовка на Извештај за испорака на електрична енергија од активираната Резервна моќност.

(11)Договорните страни се согласуваат, по завршување на испораката на електрична енергија од активираната Резервна моќност, Давателот на услуга ќе му достави на Корисникот на услуга Извештај (потпишан и заверен скениран документ) наредниот ден до 11:00 ч. согласно централно европско време (CET), кој што ќе го содржи вкупното количество на испорачана електрична енергија и цената на електричната енергија за секој час одделно.

(12)Корисникот на услуга, по приемот на Извештај за испорака на електрична енергија од активирана Резервна моќност, во рок од еден (1) ден го потврдува по писмен пат (со размена на потпишани и заверени скенирани документи по електронска пошта) количеството и договорната вредност на испорачаната електрична енергија (секоја писмена потврда ќе се смета за „Потврда“).

(13)Доколку договорните страни не се усогласат за реализираната количина, како важечки ќе се сметаат податоците добиени од страна на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија (МЕПСО).

(14)Давателот на услуга ќе ја користи Потврдата како основа за подготовка на фактура за испорачаната електрична енергија за соодветен период, којашто ќе ја испрати до Корисникот на услуга.

**ПРЕСМЕТКА, ФАКТУРИРАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ**

**Член 6**

(1) Договорната цена на испорачаната електричната енергија од активираната Резервна моќност за секој час одделно (Chi) од периодот на испорака претставува збир од часовната цена од Пазарот Ден Однапред (ПДО) на HUPX Унгарскиот пазарот на електричната енергија за секој час од периодот на испорака и надоместокот за тргување (Service Fee) наведен во Индивидуалниот договор за сите часови на испораката, односно:

**Chi = Pidi + Service Fee**

каде што:

**Pidi** - цената на електрична енергија за соодветниот час i за период на испорака остварена на ПДО (Пазар Ден Однапред) на HUPX (Унгарска берза на електрична енергија) изразена во EUR/MWh,

**Service Fee** – Услуга за обезбедување резервна моќност и испорака на електрична енергија која е наведено во Идивидуалниот договор изразена во EUR/MWh

(2) Доколку Pidi цената на електрична енергија за соодветниот час i остварена на ПДО (Пазар Ден Однапред) на HUPX (Унгарска берза на електрична енергија) е “0” или негативна

вредност, тогаш цената на часовно ниво (Chi) за тој час ќе биде еднаква на вредноста на Service Fee.

(3) Износот на часовно ниво (ЕУР) за испорачана енергија од активираната Резервна моќност ќе претставува производ на испорачаната количината на електрична енергија за соодветниот час и цената (Chi) за тој час.

(4) Вкупниот износ (ЕУР) за вкупно испорачаната електрична енергија за вкупниот период на испорака ќе претставува збир на сите часовни износи за испорачана енергија за соодветниот период на испорака.

(5) Давателот на услуга ќе му испрати на Корисникот на услуга фактура за испорачаната електрична енергија еден (1) работен ден по приемот на Потврдата. Во фактурата треба да се наведе архивски број на Индивидуалниот договор како и периодот на испорака.

(6) Врз основа на примената фактура подготвена од Давателот на услуга, Корисникот на услуга ќе ја изврши исплатата еден (1) ден по прием на фактурата. Ако рокот за исплатата е во неработен ден, исплатата ќе се изврши во текот на следниот работен ден. Работни денови се сметаат сите денови од понеделник до петок, со исклучок на празниците во Република Северна Македонија.

(7) Сумите наведени во Договорот не вклучуваат ДДВ, освен ако не е наведено поинаку. ДДВ согласно Договорот ќе биде утврдено согласно Законот за ДДВ.

(8) Давателот на услуга ќе изготви фактура за испорачаната електрична енергија во денари (МКД) според официјалниот среден девизен курс за валута евро (ЕУР) на Народна банка на Република Северна Македонија, на денот на фактурирањето и Корисникот на услуга ќе го изврши плаќањето на фактурата во денари (МКД) на жиро сметка на Давателот на услуга во согласност со упатството дадено во фактурата. Врз основа на вредноста на електричната енергија во денари ќе се пресмета и ДДВ кој ќе се вклучи во фактурата. Износот на ДДВ треба да биде јасно наведен во фактурата со користење на локалната валута – денари

(9) Ако Корисникот на услуга не ја изврши исплатата или делумно ја изврши, тој е обврзан да исплати законска казнена камата. Задоцнето подмирените исплати ќе повлечат камати од, вклучително датумот на доспевање, но со исклучок на датумот за наплата на неплатениот дел, со стапка еднаква на месечниот ЕУРИБОР утврден на датумот на доспевање, плус шест проценти (6%) на годишно ниво.

(10) Секоја од Договорните плаќа кон сопствената банка и ги подмирува сопствените банкарски провизии.

**БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА**

**Член 7**

(1) Гаранција од Давателот на услуга за добро и навремено извршување на Индивидуалниот договор не се бара.

(2) Гаранција од Корисникот на услугата за време на траење на Индивидуалниот договор не се бара.

**ВИША СИЛА**

**Член 8**

(1) Случај на Виша сила го ослободува Давателот на услуга од обврската да испорача и Корисникот на услуга да превземе енергија во согласност со овој Индивидуален договор.

(2) “Виша сила“ во смисла на овој Договор подразбира вклучително, без ограничувања, една или повеќе од следниве околности:

- непредвидливи природни појави поврзани со природни катастрофи (поплави, земјотреси, пожари и слично) кои се официјално објавени од надлежни институции во Р.Северна Македонија, или
- дејствија на државните институции во Р.Северна Македонија кои се официјално објавени од страна на истите, или
- воведување или почитување на какви било закони, согласности, прописи, уредби, пресуди, налози, резолуции во сила, или барање од било кои државни органи во Р.Северна Македонија освен барање што се однесува на парична исплата, или
- војна, непосредна воена закана, експлозија, официјално објавени од надлежни институции во Р. Северна Македонија.

(3) Ако, поради Виша сила, едната страна не може, целосно или делумно, да извршува кои било од своите обврски за активирање на Резервна мочност, испорака или прием на електрична енергија, се смета дека не се случило прекршување или неисполнување на договорните обврски од страната барател и таа се ослободува (наместо само времено да и се суспендираат) од оние обврски што се погодени од настанот на виша сила во временски рок и во онаа мера во која таквата виша сила ја спречува страната и ја оневозможува да ги извршува договорните обврски. Страната барател не е предмет на какви било обврски за исплата на обештетување во однос на количествата што не биле испорачани или примени.

(4) Страната барател во најкраток можен рок откако ќе стане свесна за настанот на виша сила ја известува другата страна во писмена форма за започнувањето на настанот на виша сила, неговата природа и доколку е тоа можно, и дава необврзувачка процена за обемот и очекуваното времетраење на својата неспособност да ги извршува договорните обврски. Страната барател ги вложува сите комерцијално разумни напори да ја поправи состојбата и да ја отстрани, колку што е тоа можно, причината за својата неспособност за извршување на договорните обврски, на тој начин ублажувајќи ги последиците на вишата сила и, во текот на продолженото траење на настанот на виша сила, и обезбедува на другата страна разумни ажурирани информации, кога и ако е можно, за обемот и очекуваното времетраење на својата неспособност за извршување на договорните обврски; под услов, дополнително, ако решавањето на штрајковите, прекините на работењето и другите трудови конфликти е целосно во надлежноста на засегнатата страна што се повикува на постоење на настан на виша сила.

(5) Страната барател веднаш ја известува другата страна за преземените мерки за заштита од и елиминирање на настанот на виша сила, вклучувајќи итно известување за завршувањето на настанот на виша сила.
(6) Во случај, и под услов, ако Давателот на услуга е ослободен од обврските за испорака поради настан на виша сила, АД ЕСМ, исто така, се ослободува од соодветните обврски за прием и плаќање. Во случај, и под услов, ако АД ЕСМ е ослободен од обврските за прием поради настан на виша сила, избраниот понудувач, исто така, се ослободува од соодветните обврски за испорака.

## НЕИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 9

(1) **Ако Давателот на услуга воопшто** не ги достави количините **електрична енергија** согласно обострано потпишаниот БАРИЕЕ, а не е ослободен од обврските во случај на Виша сила, како што е наведено во член 8, Давателот на услуга ќе му го исплати на Корисникот на услуга надоемст на штета за неисполнување на одредбите од Рамковниот и Индивидуалниот договорот во износ од 100.000 евра. Можноста за надомест на загуба на заработувачка, индиректни или консеквентни штети изричито се исклучува.
(2) Корисникот на услуга поради неиполнување на договорните обврски од страна на Давателот на услуга опишани во овој член, ќе достави фактура до Давателот на услуга во рок од 8 дена од денот на неисполнивање на обврските. Давателот на услуга ќе изврши исплатата на фактурата во рок од 8 дена од доставувањето на фактурата.
(3) **Доколку Корисникот на услуга не успее да ја преземе целата или дел од електричната енергија** според Договорот Индивиланиот договор, и при тоа нема Случај на Виша Сила, Корисникот на услуга ќе му исплати на Давателот на услуга надоемст на штета за неисполнување на одредбите од Рамковниот и Индивидуалниот договорот во износ од 100.000 евра. Можноста за надомест на загуба на заработувачка, индиректни или консеквентни штети изричито се исклучува.
(4) Давателот на услуга поради неиполнување на договорните обврски од страна на Корисникот на услуга опишани во овој член, ќе достави фактура до корисникот на услуга во рок од 8 дена од денот на неисполнивање на обврските. Корисникот на услуга ќе изврши исплатата на фактурата во рок од 8 дена од доставувањето на фактурата.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 10

(1) Секоја од Договорните Страни има право да го раскине овој Договор во постапка со известување (по факс или по препорачана пошта) во следните случаи:

- доколку Давателот на услуга не му ја испорача електричната енергија на Корисникот на услуга и не ја плати оштетата согласно овој Договор и Индивидуалниот договор;
- доколку Корисникот на не ја преземе електричната енергија и/или не ја плати електричната енергија на Давателот на услуга согласно овој Договор и Индивидуалниот договор
- доколку една од Договорните Страни е во ликвидација или во стечај или е покрената постапка за наплата на побарувања од страна на доверителот/доверителите и која (поради висината на побарувањето од доверителот) може да доведе до битно намалување на средствата  на другата Договорна Страна.

**ДОВЕРЛИВОСТ**

**Член 11**

(1) Договорните страни се согласни обврските утврдени во овој Договор да се сметаат за доверливи и да не се откриваат на трети лица, ниту пак да се објавуваат во текот на важење на овој Договор, освен доколку е неопходно некоја информација да стане јавна на барање на државните органи или извршните тела на компетентни меѓународни организации каде членуваат Република Северна Македонија и/или АД ЕСМ-Скопје.

**ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ**

**Член 12**

(1) Секоја од Договорните Страни нема право да ги пренесе сопствените права и обврски од овој Договор и Индивидуалниот договор, без претходна писмена согласност од Другата Договорна Страна, кон трета страна и тие да станат ефективни по потврдата дека писмената забелешка е примена од страна на другата Договорна Страна.

**ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН, СПОРОВИ**

**Член 13**

(1) Применлив закон: На примените на овој Договор и Индивидуалниот договор ќе важат законите во Р.С. Македонија.
(2) Спорови: Во случај на спор и недоразбирање кои би можеле да произлезат од овој Договор и Индивидуалниот договор, Договорните Страни ќе се обидат да го решат на спогодбен начин, по пат на преговарање.

(3) Сите спорови од овој Договор и Индивидуалниот договоркои нема да бидат разрешени по пат на преговори, ќе се решаваат во Основен суд Скопје 2, Скопје.

**ТЕХНИЧКА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА**

**Член 14**

(1) Докуметот за активација, извештајот за испорачана електрична енергија, фактурите, забелешките или другите документи испратени од една Договорна Страна кон Друга, поврзано со Договорот, ќе се испраќаат по факс на броевите прикажани подолу во текстот и/или на официјалните е-маил адреси на одговорните лица наведени подолу. Документите испратени по факс ќе се смета дека се примени во моментот кога факс машината од која се испраќаат документите ќе го потврди преносот.

**Корисник на услуга: АД ЕСМ-Скопје**

| | |
|---|---|
| Одговорно лице: | Лазо Узунчев |
| Тел: | +389 2 3149-262<br>+389 2 3149-240 |

| | |
|---|---|
| Лице за контакт: | Антонио Ивановски<br>Горан Митрески |
| Тел: | +389 2 3149-262<br>+389 2 3149-240 |
| E-mail: | rezervna.moknost@esm.com.mk |

| Деспечери со овластување за активирање на Резервна моќност: | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Тони Митровски | 5. | Ригон Бериша |
| 2. | Александар Бокан | 6. | Муаз Халими |
| 3. | Силвана Ристовска | 7. | Верица Стојковска |
| 4. | Билјана З. Стојаноска | 8. | Симона Георгиевска |

| | |
|---|---|
| Тел 24/7 | + 389 75 275-756<br>+389 2 3149-109, |
| E-mail: | dispeceri@elem.com.mk;<br>rezervna.moknost@esm.com.mk |

| Одговорни лица за скедулирање | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Ана Мешко | 3. | Стефанија Ефремова |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. | Кристина Младеновска | 4. | Наташа герасимовска |

| | |
|---|---|
| Тел 24/7 | + 389 75 275-756<br>+389 2 3149-109, |
| E-mail: | dispeceri@elem.com.mk;<br>rezervna.moknost@esm.com.mk |

**Давател на услуга**: ____________________________________________

Одговорно лице:

Тел:

Факс:

E-mail:

Одговорно лице за потврдување на активирање Резервна моќност и испорака на електрична енергија: ---------------------------------------------------------------------------

Тел 24/7: ______________________________

Факс: ------------------------------------------

E-mail: _______________________________

Лице за Контакт:

Тел:

Факс:

E-mail:

**ИЗМЕНИ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 15**

(1) Сите измени и дополнувања на овој Договор се изготвуваат во писмена форма со согласност на Договорните страни со Анекс Договор. Доколку одредени одредби од овој Договор се или станат неважечки, со тоа нема да биде нарушена важноста на останатите одредби од овој Договор.

**ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 16**

(1) Овој Договор стапува во сила од денот на потпишување од двете Договорни страни и ќе важи се додека една од Договорните страни не побара негово раскинување.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 17**

(1) Овој Договор е напишан на македонски јазик со кирилично писмо во четири истоветни примероци, од кои по два примерока за секоја Договорна страна .

АД ЕСМ ______________________________

Лазо Узунчев ______________________________________